Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-321/10
04-10-2023 година

Разгледувајќи го Барањето за повторување на постапката и иземање на службеникот Весна Бендевска од постапката за утврдување на дискриминација по предметот бр. 08-321/8 од 18.04.2023 година, архивирано со бр.08-321/9 од 29.09.2023 година, поднесено од [redacted] од Битола, со живеалиште на [redacted], Битола, против Сања Лукаровска, директорка на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и [redacted] управничка на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – [redacted], за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус во областа на работните односи, врз основа на член 27 став 6 од Законот за сперечување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.10.2023, го донесе следниов

## З А К Л У Ч О К
### за неповедување постапка

НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА по Барањето за повторување на постапката и иземање на членката Весна Бендевска од постапката за утврдување на дискриминација по предметот бр. 08-321/8 од 18.04.2023 година, поднесено од [redacted] од Битола, против Сања Лукаровска, директорка на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и [redacted] управничка на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – [redacted] за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус во областа на работните односи, согласно член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## О б р а з л о ж е н и е

На 29.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок од [redacted] од Битола, насловен како "Барање за повторување на постапка и иземање на службеникот Весна Бендевска од постапка за утврдување на дискриминација по предметот бр. 08-321/8 од 18.04.2023", кој по својата содржина ги содржи сите елементи на претставка за заштита од дискриминација, пропишани во чл. 24, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во поднесокот подносителката бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, повторно да постапува по претставка бр. 08-321/1 од 18.04.2023 година. Цитираната претставка подносителката ја поднела против Сања Лукаровска, директорка на

Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и [redacted] управничка на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – [redacted], за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус во областа на работните односи. Комисијата одлучувајќи по таа претставката, на 26.06.2023 донесе мислење бр. 08-321/8 со кое не се утврдува дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Имајќи предвид дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација веќе постапувала по претставката и донела мислење за истата правна работа, а подносителката не нуди нови факти и околности, кои би биле од значење за поинакво утврдување на фактичката состојба, Комисијата заклучи дека се исполнети законските услови од член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа ја известува подносителката. Воедно, Комисијата ја известува подносителката дека во Законот за спречување и заштита од дискриминација не е предвиден вонреден правен лек повторување на постапка.

Дополнително, при работата, гласањето и одлучувањето за носењето на мислењето 08-321/8 од 26.06.2023 не беа исполнети законските услови за изземање на член од работа на предмет од чл. 25 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој се однесува на спречување судир на интереси. Согласно цитираниот член, членот на Комисијата ќе се изземе од работата во предметот по сопствено барање или со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата, ако: 1) во предметот во кој се води постапката претходно бил вклучен или бил или е странка, сосопственик, односно сообврзник, сведок, вештак, полномошник или законски застапник на странката; 2) со странката, со застапникот или со полномошникот на странката е роднина по крв во права линија, а во странична линија заклучно до четврти степен, брачен другар или роднина по брачниот другар заклучно до втор степен и тогаш кога бракот престанал и/или 3) со странката, со застапникот или со полномошникот на странката е во однос на старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик.

Следствено на тоа во носење на предметното мислење гласаа сите членови на Комисијата, а мислењето беше донесено консензуално со 5 гласа за неутврдување дискриминација.

Согласно наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и не поведе постапка по претставката 08-321/9 од 29.09.2023 година.

Скопје
02.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
-Архива на КСЗД